ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 03-80/1
13.03. 2009 год.
ШТИП

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Васил Главинов бб.
2000 - Штип, Македонија
Т: +389 32 386 408
Ф: +389 32 386 409
Е: eastregion@t-home.mk

# Д Е Л О В Н И К

## *ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН*

**Март, 2009 година**

Врз основа на член 21, став 1 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на РМ број 63, од 22 мај 2007 година),Советот за развој на Источниот плански регион, на својата седница одржана во Штип, на ден 13.03.2009 година, донесе

# ДЕЛОВНИК

## за работа на Советот за развој на Источниот плански регион

## 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Советот за развој на Источниот плански регион е тело за усогласување и спреоведување на политиката за развој на планскиот регион.

Советот за развој на Источниот плански регион (во понатамошниот текст: Советот) го сочинуваат сите Градоначалници на единиците за локална самоуправа што влегуваат во состав на планскиот регион. Единиците на локална самоуправа кои се во состав на Источниот плански регион се:

1. Општина Берово
2. Општина Виница;
3. Општина Делчево;
4. Општина Зрновци;
5. Општина Карбинци;
6. Општина Кочани;
7. Општина Македонска Каменица;
8. Општина Пехчево;
9. Општина Пробиштип;
10. Општина Чешиново- Облешево
11. Општина Штип;

### Член 2

Советот за развој на Источниот плански регион, ги врши следниве работи:

- Ги организира и координира активностите за следење и оценување на спроведувањето на планските документи за регионален развој;
- Донесува Програма за развој на планскиот регион, по предходна согласност од Советот за рамномерен регионален развој;
- Донесува годишен Акционен план за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион;

- Утврдува годишна листа на предлог-проекти за развој на планскиот регион;
- Доставува предлози до Бирото за регионален развој за идентификување на подрачјата со специфични развојни потреби во рамките на својот плански регион, согласно критериумите утврдени со Законот за рамномерен регионален развој;
- Обезбедува координација на активностите на единиците на локалната самоуправа, здруженија на граѓани, државните агенции и институции во рамките на регионот, кои дејствуваат во областа на регионалниот развој;
- Иницира разгледување на прашања поврзани со регионалниот развој за кои е неопходна координација меѓу единиците на локалната самоуправа и партнери од приватниот и граѓанскиот сектор;
- Ја промовира прекуграничната соработка со региони од други земји врз основа на заеднички интереси;
- Усвојува годишен извештај за спроведувањето на Програмата за развој на планскиот регион;
- По пат на јавен конкурс, избира раководител на Центарот за развој на планскиот регион;
- Го разгледува предлог - финансискиот годишен план на Центарот за развој и одлучува по истиот;
- Дава мислење по предлог систематизацијата на работните места во администрацијата на Центарот, измените и дополнувањата;
- Ја разгледува и дава мислење по завршната годишна сметка на Центарот за развој на планскиот регион;
- Го разгледува годишниот извештај за работа на Центарот за развој на планскиот регион и одлучува по истиот;
- Врши и други работи од областа на регионалниот развој утврдени со закон и други работи поврзани со активностите на Центарот.

**Член 3**

Со работата на Советот раководи Претседателот на Советот, а во негово отсуство според овластување од Претседателот, еден од членовите на Советот.

Претседателот на Советот за развој на планскиот регион се избира од редот на членовите на Советот, со мандат од две години, со право на повторен избор.

Изборот на претседател на Советот се врши со 2/3 мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Советот.

## 2. СЕДНИЦИ НА СОВЕТОТ

### Член 4

Советот се состанува по потреба, а најмалку четири пати во годината.

### Член 5

Седница на Советот свикува Претседателот на Советот или по барање на најмалку 1/3 од членовите на Советот, според писмено образложение од страна на предлагачите за потребата од свикување на седница на Советот.

Седница на Советот се свикува најмалку 7 дена пред одржувањето, а може и во пократок рок доколку се однесува за итност на прашањето.

За итноста на прашањето одлучува Претседателот или предлагачите за свикување на итна седница на Советот.

Конститутивната седница на Советот, ја свикува градоначалникот на единицата на локалната самоуправа со најголем број на жители во планскиот регион.

### Член 6

Присуството на Седниците на Советот претставува право и обврска на секој негов член, како и активно да учествува и непосредно да се ангажира при донесувањето на Одлуките.

### Член 7

На седниците на Советот, може да се поканат стручни лица од областа на регионалниот развој, представници од стопанските комори, синдикати, здруженија на граѓани и други релевантни фактори од приватниот и граѓанскиот сектор.

Представниците на погоре наведените категории, имаат право на дискусија, но немаат право на глас.

### Член 8

Член на Советот не може самостојно да донесе Одлука или друго Решение.

### Член 9

Советот може да работи и полноправно да одлучува, кога на седницата присуствуваат најмалку 2/3 од членовите на Советот.

### Член 10

По правило седниците на Советот се одржуваат во седиштето на најголемата, по број на жители, единица на локалната самоуправа.

Седниците на Советот може да се одржуваат и во други единици на локалната самоуправа во планскиот регион и надвор од планскиот регион.

Седницте почнуваат во закажаното време и на закажаното место за одржување на седницата.

За присуствоте се води евиденција.

## 3. ПРОЦЕДУРАЛНИ ОДРЕДБИ

### Член 11

Седницте започнуваат со усојување на Записникот од предходната седница, потоа се утврдува Дневен ред, чиј предлог на членовите им се доставува во писмена форма, со поканата за свикување на седницата на Советот.

Некои точки од предлогот на дневен ред може да бидат објавени и однапред, на последната одржана седница.

Проширувањето на дневниот ред може да се врши и пред неговото усвојување, по барање на некој член или според укажаната потреба.

Усвојувањето на дневниот ред се врши со 2/3 мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Советот.

### Член 12

Редовни точки на Дневниот ред се: Усвојување на записникот од предходната седница и информации за настаните и активностите, во период помеѓу последната седница на Советот и тековната седница на Советот.

### Член 13

За текот на седницата се води записник. Записникот и евиденцијата на присуство ги води стручно лице од Центарот за развој на планскиот регион.

### Член 14

Барањето на збор се регистрира по редот на пријавување.

### Член 15

Известувањето по точките поставени на Дневен ред, може да трае се додека постои интерес за дискусија по одредена тема, од страна на членовите на Советот за развој на Источен плански регион. Претседателот на Советот може да го одземе превото на дискусија по тема или точка на Дневен ред ,на членот на Советот кој не се придржува до Деловникот за работа на Советот за развој на Источен плански регион.

## 4. ОДЛУЧУВАЊЕ

### Член 16

Советот одлучува со 2/3 мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Советот.

Сите Одлуки кои ги носи Советот, мора да имаат 2/3 мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Советот.

### Член 17

Главната цел на одлуката, чие донесување е на дневен ред, се искажува со јасна формулација, а потоа се пристапува кон нејзино донесување.

Донесената одлука ја потврдува Претседателот со свој потпис на текстот на одлуката, а ставањето во сила на одлуката се врши наредниот ден.

### Член 18

Покрај главната одредба, Одлуката треба да ги содржи и имињата на извршителите и други важни елементи за нејзино извршување, рокови, средства и др.

Извршувањето или придржувањето кон одлуката е обврска на секој член на Советот.

Непосредните извршители, определени според донесената одлука, редовно го информираат Советот и Претседателот за нејзиното извршување.

## 5. РАБОТНИ ТЕЛА

### Член 19

Советот може да донесе одлука за формирање на работни тела, работни групи и комисии, со определен состав, мандат, надлежности и обврски.

Со одлуката од став 1 на овој член се определува составот и надлежностите на работните тела, работни групи и комисии.

Членовите на работните тела, работните групи и комисии, покрај градоначалниците кои се членови на Советот, може да бидат и останати лица кои имаат познавање од регионалниот развој.

Со работните тела, работни групи и комисии претседава и раководи претседател на работното тело, работната група или комисија, кој се избира од редот на членовите на работното тело, работната група или комисија, со 2/3 мнозинство од вкупниот број на членови на работното тело, работната група или комисија. Работата на работните тела, работната група и комисии ја

координира Претседателот на Советот или по негово овластување може и друг член на Советот.

Работните тела, работните групи и комисии доставуваат извештај за нивната работа до Советот.

## 6. ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИОТ РЕГИОН

### Член 20

Стручните и административно-техничките работи за Советот за развој на планскиот регион ги врши Центарот за развој на планскиот регион.

Центарот за развој на планскиот регион ја води архивата на Советот за развој на планскиот регион.

## 7. ЈАВНОСТ

### Член 21

Седниците на Советот по правило се јавни, но со посебна Одлука можат да се прогласат за затворени. За затворена не може да се прогласи онаа Седница на која се расправа за финансиското работење на Советот и на Центарот за развој на планскиот регион. На Седниците на Советот може да присуствуваат и други претставници на организации, институции, јавни работилници и други.

## 8. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 22

Се што е уредено со овој Деловник, Советот го регулира со посебна одлука која гласи: ДЕЛОВНИЧКА ОДЛУКА.

### Член 23

Овој Деловник влегува во сила осум дена по неговото донесување.

**Совет за развој на**

**Источен плански регион**

**Претседател**

**Љубомир Јанев дипл.град.инж.**